**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-268
18.06. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), член 15 став 5 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година, поради недоставување писмен извештај на начин и рок согласно член 15 став 5 од Законот за медиуми од страна на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 17.06.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3120/11 од 17.06.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, заради извршена повреда на член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот радио програмски сервис во државата или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 15 мај 2019 година, изврши редовен административен надзор врз субјектот на надзорот: Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, при што констатираше прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, на начин што Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во државата или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола на 21.05.2019 година, испрати Допис (Уп1 бр.03-268 од 21.05.2019 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми.

Во предвидениот рок, Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 25-та седница одржана на 17.06.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеа 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), член 15 став 5 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 17.06.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3120/11 од 17.06.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола и му наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-2749/1 од 15.05.2019 година.

**Доставено до:**
- Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Управителот на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2749 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола
3. **Период опфатен со надзорот:** 2018 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 мај 2019 година
5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

(„Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа");

6. **Претходно изречена мерка:** Нема
7. **Констатации од надзорот:**

Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, **во законски предвидениот рок (31 март 2019 година) не достави до Агенцијата писмен извештај** за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во државата или надвор од неа, со што **не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 15 став 5 од Законот за медиуми,** Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, не достави писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување.

**9. Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*